*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите**

Број 19-2844/1 10.06 2021 година

Врз основа на членот 39 ставови (1) и (2) од Законот за следење на комуникациите ("Службен весник на Република Македонија" број 71/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19) и Одлуката за распишување на јавен повик за изготвување листа на дополнителни национални или меѓународни технички експерти од Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите број 19-2592/2 од 10.06.2021 година, Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ЛИСТА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ НАЦИОНАЛНИ ИЛИ МЕЃУНАРОДНИ ТЕХНИЧКИ ЕКСПЕРТИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

1. Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите (во натамошниот текст: ,,Комисијата") заради изготвување листа на дополнителни национални или меѓународни технички експерти распишува јавен повик за експерти кои може да бидат акредитирани како експерти за секој случај поединечно за период кој е неопходен за подготвување, реализирање и известување за техничкиот резултат од извршениот надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА за да се утврди законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од членовите 7 и 18 од Законот за следење на комуникациите.

2. Право на учество на јавниот повик имаат лицата експерти кои ги исполнуваат следните критериуми:

   - да имаат стручно знаење и компетенции од следните области: информатика, електротехника, компјутерска техника и информатика, телекомуникационо инженерство и компјутерска безбедност,

   - да ја познаваат националната законска регулатива за областа во која ќе бидат акредитирани,

- да имаат искуство во подготвување и вршење на анализи од извршени технички надзори и изготвување извештаи,

- да имаат искуство во подготвување, реализирање и известување за техничкиот резултат од извршениот надзор,

- да поседува безбедносен сертификат со соодветен степен за пристап до класифицирани информации или да биде подготвен да помине низ процес на безбедносна проверка, со цел да добие безбедносен сертификат.

3. Заинтересираните експерти кои ги исполнуваат условите од точката 2 на овој Јавен повик, во рок од 14 дена од денот на неговото објавување, пријавата со личната биографија и документите со кои се докажува исполнувањето на условите, во оригинал или заверена копија на нотар, треба да ги поднесат до архивата на Собранието на Република Северна Македонија, за Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите. Пријавата ќе биде објавена на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

4. Јавниот повик ќе се објави во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ како и на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

**Претседател**
на Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите
**Игор Јанушев**